# 09 Ноември / Авион / 4 дена / 429 Евра

Сместување во Хотел Best Western Astrid 3* во Рим



- **ЦЕНА НА АРАНЖМАНОТ: 429 евра (26.600 денари)**

**Италијаните имаат добро кафе, вкусна храна, квалитетно вино и врвна мода.**
**А, ние организираме прошетка со најдобрата комбинација!**

- 09. Ноември (Недела) СКОПЈЕ - РИМ

Состанок на групата на Аеродромот во Скопје во 17:25 часот. Полетување за Рим во 18:55 и слетување во 20:45 часот. Трансфер до хотелот и сместување. Вечерна прошетка во центарот на Рим и уживање во атмосферата на римските кафулиња. Ноќевање.

- 10. Ноември (Понеделник) РИМ

Појадок. Прошетка до Шпанските скали познати како “дневна соба на градот” со посета на Плоштадот на Народот. Прошетката продолжува до Фонтаната Ди Треви со легендата за фрлање паричка за повторно враќање во Рим. Слободно време за уживање, да се почувствува атмосферата со “вистинско” италијанско кафе. Попладневна прошетка низ центарот на Рим и уживање во убавините на градот: Плоштадот Венеција со прекрасниот Плоштад Кампидољо, Црквата Св. Петар во ланци со статуата Мојсие – познатото дело на Микеланџело, Колосеумот, Римскиот Форум, Пантеон, Плоштадот Кампо де Фиори… Слободно време за шопинг по познатата улица Виа Дел Корсо. Ноќевање.

- 11. Ноември (Вторник) ВАТИКАН

Појадок. Факултативна посета на Ватикан: Ватиканските музеи со восхитувачките колекции на слики, скулптури, стари мапи и таписерии, незаобиколната Систинска капела чиј свод е украсен од Микеланџело со уникатни ремек дела и најголемата Црква на светот Св. Петар… Попладневна прошетка преку мостовите на Тибар покрај Палатата на Правдата и Тврдината Сан Анѓело, до Плоштадот на уметниците со прекрасните фонтани – Плоштадот Навона. Препорачуваме вечера во боемскиот кварт Трастевере во национален ресторан – траториа, со мени од италијанската кујна. Ноќевање.

- 12. Ноември (Среда) РИМ – ГРАДИНИТЕ НА ВИЛА БОРГЕЗЕ - СКОПЈЕ

Појадок. Препорачуваме посета на градините на вила Боргезе, во еден од најпознатите и најубавите паркови во Рим, префинета зелена оаза, каде внимателно уредените фонтани и уметничките скулптури создаваат атмосфера на хармонија и естетика. Трансфер до Аеродромот во Рим. Полетување за Скопје во 21:30 и слетување во 23:10 часот.

- **ЦЕНА НА АРАНЖМАНОТ: 429 евра (26.600 денари)**
- Цената вклучува:

- Авионски превоз на релација Скопје-Рим-Скопје со вклучени аеродромски такси
- Рачен багаж (1 торба/куфер со димензии 40x30x20cm до 10kg)
- Трансфери во Рим од Аеродромот до Хотелот и обратно
- Сместување во Хотел Best Western Astrid 3* во Рим https://www.hotelastrid.com/en/ на база 3 ноќевања со појадок
- Организација на аранжманот и придружник на патувањето
- Цената не вклучува:

- Доплата за уште 1 торба/куферза рачен багаж со димензии 55x40x23cm (со максимум 10kg)
- Доплата за куфер за чекирање со максимум 10 или 20kg
- Туристичка такса 6 евра на ден (се плаќа во хотелот на рецепција)
- Факултативни излети:  Посета на Ватикан со вклучена влезница 65 евра
- Факултативна вечера во ресторан
- Влезници во музеите и културно историските споменици
- Карти за локален превоз (метро)
- Патничко – здравствено осигурување
- Напомени: За реализација на аранжманот потребен е минимум од 15 патници

- За реализација на аранжманот потребен е минимум од 15 патници
- За овој аранжман важат Општите услови за патување на СКТМ
- Цените се дадени во евра, уплата се врши исклучиво во денарска противвредност по курс 1 евро = 62 денари
- **Пасошот треба да важи минимум 3 месеци по завршувањето на патувањето**